1. Советот на Општина Карпош го задолжува Секторот за урбанизам при Општина Карпош, да **НЕ** издава акти за сите градежни парцели со намена А2 (домување во станбени згради), за сите градежни парцели во Блок 1, како и за градежните парцели: 5.3, 18.4, 10.1, 10.2, 10.3, 10.4, 10.5, 10.6, 10.7 и 10.8 од Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје додека не добие мислење од Министерство за транспорт и врски за суспензија на применувањето на горенаведените парцели. .
2. Советот на Општина Карпош го задолжува Секторот за урбанизам да го достави изготвениот стручен елаборат со Барање за давање мислење за суспензија на делови од Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје до Министерство за транспорт и врски наредниот ден по влегување на сила на Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје.
3.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број: 09-4607/8
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Службена Белешка за неусвојување на Предлог -План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година**

1. Се објавува Службена Белешка за неусвојување на Предлог -План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

Број: 11-4869/6
Датум:16.05.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со усвоената предлог - точка на дневниот ред за работа на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош Предлог-План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година, Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на 65. седница на 15 мај 2025 година, донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА
### за не усвојување Предлог-План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година

1.Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на 65. седница на Советот на Општина Карпош, Предлог-План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година, НЕ Е УСВОЕНА.

2. По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 10 членови на Советот, ПРОТИВ гласале 2 членови на Советот, ВОЗДРЖАНИ нема, врз основа на што е констатирано дека не е усвоен Предлог-Планот за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година.

Број: 09-4607/9
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/7**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), Советот на Општина Карпош, на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
**за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност да се промени корисникот на електричното броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје.

**Член 2**

Врз основа согласноста дадена во став 1, се менуваат титуларите, односно се менуваат корисниците од корисник Општина Карпош во корисник на Град Скопје.
Од корисник Општина Карпош во корисник Град Скопје се предвидени следниве локации:

| | |
|---|---|
| Руѓер Бошкович | 70 516 631 |
| Веселин Маслеша бр. 19 | 71 926 416 |
| Партизанска 54 (автобуска) | 71 929 292 |
| Манапо 4 | 71 938 291 |
| Трифун Пановски 5 | 72 223 213 |
| Т.Ц. Техника пред ресторан Срна | 70 515 739 |
| Никола Парапунов | 71 927 560 |
| Ѕоле Стојчев | 77 028 539 |
| Невеска | 70 495 542 |
| Волгоградска | 71 924 307 |
| Франц Месеснал | 84 422 921 |
| Франц Розман | 72 238 255 |
| Влае | 84 270 554 |
| Петар Чајковски | 84 424 508 |
| на плоштад | 72 261 596 |
| Агромеханика | 84 425 062 |

| | |
|---|---|
| Скупи,позади месната | 63 495 142 |
| бу. 8 Септемвеи | 70 516 506 |
| Генерал Михајло Апостолски | 84 419 947 |
| раскрсница Партизанаска - Рузвелтова | 84 419 965 |
| Партизанска 50, кај Даме берберот | 52 276 845 |
| Партизанска, Палма | 84 419 976 |
| Митрополит Т. Гологанов | 74 850 502 |
| Московска 9 | 70 189 754 |
| Кленоец 87 | 84 422 942 |
| Владимир Каваев | 84 422 946 |
| Јуриј Гагарин 51 | 69 508 438 |
| Миле Поп Јорданов | 74 628 727 |
| Миле Поп Јорданов 40 | 71 930 727 |
| Хотел Гранит | 72 239 315 |
| Кораб - Струшка | 72 261 466 |
| Козле последна 57 | 72 251 569 |
| Ванчо Мицков 143 | 84 419 939 |
| Партизанска, кај Рафаело | 84 419 949 |

**Член 3**

Се задолжува Одделението за енергетска ефикасност при Секторот екологија и енергетска ефикасност да поднесе барање до ЕВН за завршување на постапката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/10
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за наградување на професори-тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025**

1. Се објавува Одлука за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/8**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со Глава II Проектни активности, точка 1. Активност/Настан: Училишни спортски игри Карпош 2025, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/2024), Советот на Општина Карпош, на 65.седница, одржана на 15 мај 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
### за наградување на професори-тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на вкупно 19 парични награди на професорите-тренери по физичко и здравствено образование и индивидуално прогласените ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025 година.

За професорите-тренери по физичко и здравствено образование, се доделуваат следните награди:

- За освоено прво место на училишната спортска екипа по 8.000,00 денари за три професори во: фудбал, кошарка и одбојка
- За освоено второ место на училишната спортска екипа по 6.000,00 денари за три професори во: фудбал, кошарка и одбојка и
- За освоено трето место на училишната спортска екипа по 5.000,00 денари за три професори во: фудбал, кошарка и одбојка.

За индивидуално прогласените најдобри спортисти во училишните игри на Општина Карпош ќе се додели парична награда во износ од по 6.000,00 денари за десет (10) ученици.

**Член 2**

Средствата за исплата на паричните награди од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

За исплата на наградите од член 1 на оваа одлука, поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/11
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025**

1. Се објавува Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/9**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 202/24), а во врска со Глава II Проектни активности, точка 1. Активност/Настан: Училишни спортски игри Карпош 2025, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.21/2024), Советот на Општина Карпош, на 65.седница, одржана на 15 мај 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
### за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи (фудбал, кошарка и одбојка девојчиња) и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025.

**Член 2**

Средствата за исплата на член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4607/12**
**Датум: 15.05.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Правилник за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација**

1. Се објавува Правилник за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација , донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/10**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), Советот на Општина Карпош на 65. седница одржана на 15 мај 2025 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиска поддршка за спорт и рекреација во остварување на јавниот интерес за дејноста спорт.

### СРЕДСТВА

**Член 2**

Средствата за финансиска подршка за спорт и рекреација за спортисти, физички и правни лица од областа на спортот и спортските манифестации се утврдуваат во буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

### ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

Финансиската поддршка за спорт и рекреација се доделува по пат на јавен повик кој го распишува комисијата за еднократна финансиска подршка за спорт и рекреација, финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош и доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение. Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од буџетот на Општина Карпош за 2025 година е 1.000.000,00 денари

**Член 4**

Оваа еднократна финансиска поддршка ќе биде наменета за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со програмата за дејноста спорт за 2025 година на Општина Карпош.

**Член 5**

Максималната еднократна финансиска подршка што комисијата може да ја предложи е до 30.000,00 денари.

**Член 6**

Еднократната финансиска поддршка за спортисти, физички и правни лица се доделува еднаш годишно.

ПРАВО НА УЧЕСТВО

**Член 7**

Финансиска поддршка се доделува на спортисти и спортски рекреативци – граѓани кои живеат на територија на Општина Карпош.

**Член 8**

Исто така со оваа програма ќе се финансират и здруженија на граѓани регистрирани на територијата на Општина Карпош најмалку 3 (три) години, со основна дејност спорт и рекреација.

**Член 9**

Возраста на спортистот кој ќе побара финансиска помош мора да е најмалку 13 години (наполнети или што ќе полнат во годината кога е објавен јавниот повик) до 18 години (да немат наполнето 18 години во текот на целата годината кога е објавен јавниот повик.

**Член 10**

Спортистот да достави спортска легитимација дека најмалку три години е активен спортист, регистриран за клуб и континуирано учествувал во национален систем на натпревари.

**Член 11**

Спортските резултати на спортистот да бидат реализирани во натпреварување со најмалку пет клуба во националното првенство. Да се достави учество на клубовите и официјална табела од постигнатите резултати со време или бодови.

**Член 12**

Спортист, физичко или правно лице на кое му биле одобрени и исплатени финансиски средства од Општина Карпош во претходната година, задолжително со барањето треба да достави извештај за активностите и финансов извештај со фискални сметки или фактури.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 13**

Поблиски критериуми и услови за распределување на средствата од годишната програма за остварување на јавниот интерес во дејноста спорт се:

(1) Спортистот да има официјално рангирање во националното спортско првенство во последната натпреварувачката сезона 2024/2025.

(2) Спортистот постигнатите спортски резултат, да ги потврди со официјален документ издаден од страна на матичната национална спортска федерација.

(3) За спортисти од колективни спортови да достават доказ (копија од записник) дека во најмалку пет натпревари во натпреварувачката сезона го започнале натпреварот во почетната (стартната) постава во тимот за кој настапуваат.

(4) Спортистот да достави детална програма за натпреварувачка сезона 2025 со покана за турнири, со дати на одржување на спортските настани, финансиска конструкција и друго или доколку веќе бил на меѓународен турнир - натпревар да достави финансиски сметки.

## ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

**Член 14**

Висината на доделените средства ќе се одобруваат во зависност од спортските резултати на спортистот на националните спортски првенства и дали истиот е репрезентативец со доказ за настап во репрезентација (писмена потврда од соодветната НСФ) во последната година од објавување на јавниот повик.

**Член 15**

Комисијата износот на финансиските средства ќе го определи на следниот начин:

- Од 20.000,00 денари до 30.000,00 денари ќе добијат спортисти кои имаат врвни постигнувања како национален првак, репрезентативец и постигнати индивидуални признанија за годината кога е објавен јавниот повик. Спортистот треба да приложи програма на спортски активности (натпревари) на кои ќе учествува или учествувал и за истите да приложи извештај.

- Од 10.000,00 денари до 19.000,00 денари ќе добијат спортисти кои имаат второ место на национално првенство. Да приложат програма на спортски

активности (натпревари) на кои ќе учествува или учествувал и за истите да приложат извештај.

- Од 3.000.00 денари до 9.000,00 денари ќе добијат спортисти кои имат издржана програма на спортски активности (натпревари) и истата да ја достават на кои се спортски натпревари ќе учествуваат или учествувале и за истите да приложат извештај.

- Комисијата може да го одбие поднесеното барање доколку процени и оцени дека истото е неиздржано и несоодветно поднесено согласно овој правилник

- За проекти од областа на спортот, комисијата дава мислење за проектот дали е од јавен интерес и за висина на финансиската подршка.

## КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР

### Член 16

Комисијата се формира со Решение од Советот на Општина Карпош.

### Член 17

Комисијата е составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината).

### Член 18

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

- Комисијата ги прибира и разгледува пристигнатите предмети и дава предлог и мислење до градоначалник.

- Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

### Член 19

Градоначалникот има право да го прифати или измени предлогот од комисијата.

Член 20

Правилникот влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”

Број: 09-4607/13
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош , донесен на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/11**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош на 65. седница одржана на 15 мај 2025 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош во остварување на јавниот интерес за дејноста спорт.

### СРЕДСТВА

**Член 2**

Средствата за финансиска подршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се утврдуваат во буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

### ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

Финансиската поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се доделува по пат на јавен оглас кој го распишува комисијата за еднократна финансиска подршка, финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош и доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение.

.

**Член 4**

Оваа финансиска поддршка ќе биде наменета за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со програмата за дејноста спорт за 2025 година на Општина Карпош.

**Член 5**

Финансиската поддршка за спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се доделува еднаш годишно.

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Член 6

Финансиска поддршка се доделува на спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Карпош најмалку 3 (три) години.

КРИТЕРИУМИ

Член 7

Поблиски критериуми и услови за распределување на средствата од годишната програма за остварување на јавниот интерес во дејноста спорт се:

- Клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат,
- Ранг на натпреварување на клубот и постигнат пласман - резултат на крај од натпреварувачката 2024/2025 година,
- Да поседуваат Потврда од матичната национална спортска федерација дека клубот е нивен член и има активно учество во системот на натпревари во 2024 / 2025 година,
- Да имаат изработено годишна програма за работа и развој на клубот,
- Да имаат регистрирана, организирана и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето, организирано од матичните национални спортски федерации најмалку во две селекции,
- Да достават резултати - табела на сите млади селекции со кои располага клубот,
- Решение за регистрација на спортскиот клуб (Решение од Централен регистар не постар од 3 месеци),
- Клубот да се натпреварува во национално спортско првенство со најмалку 5 (пет) клуба.
- Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година.
- Најмалку еден лиценциран тренер.
- Учество на спортистите од клубот за национална репрезентација и настап на клубот на официјални меѓународни натпревари.
- Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт на РСМ (или претходно АМС)

ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

Член 8

Висината на доделените средства ќе се одобруваат во зависност од рангот на натпреварување на сениорскиот тим, постигнувањата на сениорските клубови на националните спортски првенства со официјален документ од националната спортска федерација. Предност може да биде бројот на

активни млади селекции кои се натпреваруваат во младите лиги и нивен пласман на табела, репрезентативци во сениорски и млади категории.

**Член 9**

Клубови кои немат сениорски тимови, а работат само со млади категории и имаат соодветни спортски постигнувања комисијата може максимално да одобри до 60.000,00 денари.

## КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР

**Член 10**

Комисијата се формира со Решение од Советот на Општина Карпош..

**Член 11**

Комисијата е составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена вработени од администрацијата на општината).

**Член 12**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

- Комисијата ги прибира и разгледува пристигнатите предмети и дава предлог и мислење до градоначалник.

- Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 13**

Градоначалникот има право да го прифати или измени предлогот од комисијата.

**Член 14**

Правилникот влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”

Број: 09-4607/14
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/12**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска“ (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат Приземје
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Број на внатрешна површина во м2, 580
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година.

**Член 2**

Објектот дефиниран во член 1 од оваа Одлука се користи исклучиво според утврден распоред на термини, и се користи по 75 минути (еден термин).

Термините се распоредени од понеделник до сабота, со почеток од 08.00 часот до 23.00 часот. Недела и државни празници се неработни денови.

**Член 3**

Висината на надоместокот за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, за времетраење од 75 минути (еден термин) изнесува:

1) 08.00-09.15 часот - 1300,00 денари

2) 09.15-10.30 часот - 1300,00 денари

3) 10.30-11.45 часот - 1300,00 денари

4) 11.45-13.00 часот - 1500,00 денари

5) 13.00-14.15 часот - 1500,00 денари

6) 14.45-15.30 часот - 1500,00 денари

7) 15.30-16.45 часот - 2000,00 денари

8) 16.45-18.00 часот - 2000,00 денари

9) 18.00-19.15 часот - 2000,00 денари

10) 19.15-20.30 часот - 2400,00 денари

11) 20.30-21.45 часот - 2400,00 денари

12) 21.45-23.00 часот - 2400,00 денари

**Член 4**

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените (бараните) термини и само за извршување на дејностите за кои што е наменет објектот (спортски игри: кошарка,фудбал,одбојка и ракомет).

**Член 5**

Термините се доделуваат во времетраење од една година, од денот на потпишување на договорот.

**Член 6**

По исклучок, Градоначалникот на Општина Карпош може, времено, со или без надоместок, да даде на користење термини, по барање од:

1) Владата и министерство;

2) Организатор на меѓународен или хуманитарен настан;

3) Спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице од областа на спортот и организатор на спортска манифестација што се одржува во Општина Карпош;

4) Локалниот младинскиот совет на Општина Карпош;

5) Советот на Општина Карпош или Синдикат на општинската администрација на Општина Карпош;

6) Општински сојуз на училишен спорт на Општина Карпош (ОСУСОК)

7) Училишни спортски клубови на Општина Карпош

8) Федерација на училишен спорт на Македонија

9) Училишни спортски игри во организација на Општина Карпош

10) Спортско – рекреативни и културно – забавни настани во организација на Општина Карпош и

11) Друго

**Член 7**

Доделувањето на термини ќе се изврши по пат на јавен повик.

**Член 8**

На јавниот повик ќе може да учествуваат сите заинтересирани физички и правни лица кои ќе ги исполнуваат условите дефинирани во јавниот повик а приоритет ќе имаат спортски клубови регистрирани на територија на Општина Карпош и жители на Општина Карпош.

**Член 9**

Начинот на спроведување на постапката, критериумите за учество и содржината на понудата ќе бидат дефинирани во јавниот повик.

**Член 10**

Постапката по јавниот повик за доделување на термини ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 11**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договори и да ја спроведе постапката за нивно потпишување.

Договорите да содржат извршна клаузула и да се направи потврда на приватната исправа – солемнизација пред надлежен нотар.

**Член 12**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/15
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/13** ГРАДОНАЧАЛНИК
**Датум:16.05.2025 година** НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош на 65.седница, одржана на 15 мај 2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска“ (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат Приземје
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Број на внатрешна површина во м2, 215
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година

### Член 2

Објектот дефиниран во член 1 од оваа Одлука се користи исклучиво според утврден распоред на термини, и се користи по 75 минути (еден термин).

Термините се распоредени од понеделник до сабота, со почеток од 08.00 часот до 23.00 часот. Недела и државни празници се неработни денови.

### Член 3

Висината на надоместокот за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, за времетраење од 75 минути (еден термин) изнесува:

1) 08.00-09.15 часот - 1300,00 денари
2) 09.15-10.30 часот - 1300,00 денари
3) 10.30-11.45 часот - 1300,00 денари

4) 11.45-13.00 часот - 1500,00 денари
5) 13.00-14.15 часот - 1500,00 денари
6) 14.45-15.30 часот - 1500,00 денари

7) 15.30-16.45 часот - 2000,00 денари
8) 16.45-18.00 часот - 2000,00 денари
9) 18.00-19.15 часот - 2000,00 денари

10) 19.15-20.30 часот - 2400,00 денари
11) 20.30-21.45 часот - 2400,00 денари
12) 21.45-23.00 часот - 2400,00 денари

**Член 4**

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените (бараните) термини и само за извршување на дејностите за кои што е наменет објектот (боречки спортови, фолклор, модерни танци, аеробик, пилатес и сл. активности).

**Член 5**

Термините се доделуваат во времетраење од една година, од денот на потпишување на договорот.

**Член 6**

По исклучок, Градоначалникот на Општина Карпош може, времено, со или без надоместок, да даде на користење термини, по барање од:
1) Владата и министерство;
2) Организатор на меѓународен или хуманитарен настан;
3) Спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице од областа на спортот и организатор на спортска манифестација што се одржува во Општина Карпош;
4) Локалниот младинскиот совет на Општина Карпош;

5) Советот на Општина Карпош или Синдикат на општинската администрација на Општина Карпош;
6) Општински сојуз на училишен спорт на Општина Карпош (ОСУСОК)
7) Училишни спортски клубови на Општина Карпош
8) Федерација на училишен спорт на Македонија
9) Училишни спортски игри во организација на Општина Карпош
10) Спортско – рекреативни и културно – забавни настани во организација на Општина Карпош и
11) Друго.

**Член 7**

Доделувањето на термини ќе се изврши по пат на јавен повик.

**Член 8**

На јавниот повик ќе може да учествуваат сите заинтересирани физички и правни лица кои ќе ги исполнуваат условите дефинирани во јавниот повик а приоритет ќе имаат спортски клубови регистрирани на територија на Општина Карпош и жители на Општина Карпош.

**Член 9**

Начинот на спроведување на постапката, критериумите за учество и содржината на понудата ќе бидат дефинирани во јавниот повик.

**Член 10**

Постапката по јавниот повик за доделување на термини ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 11**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договори и да ја спроведе постапката за нивно потпишување.
Договорите да содржат извршна клаузула и да се направи потврда на приватната исправа – солемнизација пред надлежен нотар.

**Член 12**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/16
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/14**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62; член 64 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) како и согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош, на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, запишани во Имотен лист бр.78806 КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска“ (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат 1
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Број на внатрешна површина во м2, 225 (175 м2 сала и 50 м2 кафетерија)

Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година

**Член 2**

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп за вршење на дејност на фитнес-центар.

**Член 3**

Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп по пат на јавно наддавање со објава на јавен оглас во согласност со Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Недвижниот имот од член 1 на оваа одлука ќе се даде под закуп за период до 10 години.

**Член 4**

На јавниот оглас ќе може да учествуваат сите заинтересирани правни лица, кои ќе ги исполнуваат условите дефинирани во огласот.

**Член 5**

Начинот на спроведување на постапката, критериумите за учество, содржината на понудата и почетната цена на закупнината ќе бидат дефинирани во јавниот оглас.

**Член 6**

Висината на закупнината на кафетерија и сала кат 1 во „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје месечно ќе изнесува 54.500,00 (педесет и четири илјади и петстотини) денари почетна цена.

**Член 7**

Основен критериум за избор на најповолен наддавач ќе биде највисоката понудена месечна закупнина.

**Член 8**

Постапката за елекртонското јавно наддавање за издавање под закуп на објектот од член 1 на оваа одлука да ја спроведе Комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 1 од оваа одлука, со најповолниот понудувач, заради регулирање на правата и обврските што произлегуваат од закупот на недвижниот имот.

Договорот да содржи извршна клаузула и да се направи потврда на приватната исправа – солемнизација пред надлежен нотар.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/17
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк-Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк-Карпош, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/15**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62; член 64 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), како и согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош, на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк-Карпош

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на објект запишан во Имотен лист бр.4917, КП бр.684 и 685, КО Карпош, со димензии 80х20 со вкупна површина 1600м2, кој се наоѓа на потегот Љубљански крак и Бул. Илинден.
Објектот од став 1 на овој член е евидентиран во Имотниот лист како сопственост на Општина Карпош.

### Член 2

Објектот наведен во член 1 на оваа одлука да се издаде под закуп за вршење дејност за која е наменет, односно спортско-адреналински активности.

### Член 3

Делот од предметниот објект се дава под закуп за период најмногу до 5 години, во согласност со закон, и закупнината да се исплаќа 9(девет) месеци во годината (од март до ноември) а останатиот период закупецот е должен да ги подмирува трошоците за одржување на објектот.

**Член 4**

Делот од објектот наведен во член 1 на оваа одлука да се издаде под закуп по пат на електронско јавно наддавање и во еден дневен весник кој се издава на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во општината, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата. мај 2025 година „Службен гласник на Општина Карпош“ број

**Член 5**

Објавата за издавање под закуп на недвижен имот да се спроведе согласно Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21).

**Член 6**

Висината на месечната закупнина на недвижната ствар да се утврди врз основа на проценета вредност согласно Законот за процена и истата да изнесува 0,5% по метар квадратен од вредноста на дел од објектот и ќе представува почетна цена кај наддавањето во закуп на електронското јавно наддавање.

**Член 7**

Постапката за елекртонското јавно наддавање за издавање под закуп на објектот од член 1 на оваа одлука да ја спроведе Комисија за спроведување на постапка за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Карпош за јавно наддавање, формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 8**

Оваа одлука ќе ја спроведе градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/18
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патнички моторни возила**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патнички моторни возила, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/16**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година, донесе

ОДЛУКА
**за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патнички моторни возила**

**Член 1**

Со оваа одлука се Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за оттуѓување на отпишани основни средства, со книговодствена вредност 0 денари, за кои е изготвена проценка и утврдена употребна вредност, како следи

ВОЗИЛО БРОЈ 1:

- **Број на сообраќајна дозвола: МК 1090514**
- **Моторно возило - Вид: М1 - Патничко**
- **Марка: PEUGEOT**
- **Тип:-/-/**
- **Комерцијална ознака: 307 XR PRESS**
- **Места за седење: 5**
- **Регистарска ознака: SK 091 MI**
- **Година на производство: 2002**
- **Број на мотор: 10DYDR/3047562**
- **Број на шасија: VF33CRHYB82114054**
- **Работна зафатнина на мотор во cm3: 1997**
- **Моќ на мотор KW/KS: 66 KW**
- **Маса на празно возило во kg: 1434**
- **Изминатата километража: 273.287**
- **Боја: MET.ZELENA/22**
- **Број на оски: 2**
- **Форма или намена на каросерија: AA-LIMUZINA**
- **Проценета вредност на корисни остатоци: 60.000,00 денари.**

ВОЗИЛО БРОЈ 2:

- Број на сообраќајна дозвола: МК
- Моторно возило - Вид: **М1 - Патничко**
- Марка: MERCEDES

- Тип:-/-/
- Комерцијална ознака: VITO 112CDI
- Места за седење: 8+1
- Регистарска ознака: SK 701 VR
- Година на производство: 1999
- Број на мотор: 61198050056177
- Број на шасија: VSA63819413248156
- Работна зафатнина на мотор во cm3: 2151
- Моќ на мотор KW/KS: 90 KW
- Маса на празно возило во kg: 1711
- Изминатa километража: 393.287
- Боја:METALIK SIVA/7F
- Број на оски: 2
- Форма или намена на каросерија: AF-возило со подвижна странична врата
- **Проценета вредност на корисни остатоци: 120.000,00 денари.**

**Член 2**

Се задолжуваат стручните служби на Општина Карпош да ја спроведат постапката согласно позитивните законски прописи.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4607/19**
**Датум: 15.05.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје”**

1. Се објавува Одлука за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје”, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/17**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62; член 64 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје”**

**Член 1**

Се отстапува на користење една просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје”, со површина од 27 (дваесетиседум)м2, просторот се дава за работа на невладини организации кои допринесуваат за развој на спортот и културата во Општина Карпош.

**Член 2**

Објектот се отстапува на користење за период најмногу до 5 (пет) години. За целиот период на користење на објектот корисникот се ослободува од плаќање на надоместок, односно предметниот објект се дава на користење без надоместок.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да го изготви договорот за отстапување на правото на користење на отстапениот простор.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/20
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје, донесено на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/18**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24); член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06), Советот на Општина Карпош, на 65. седница одржана на 15 мај 2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје, бр.04-4814/6 од 15.05.2025 година.

2. Средствата за реализација за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година во Општина Карпош се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-4607/21
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување Службена белешка за неусвојување на Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“

1. Се објавува Службена белешка за неусвојување на Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/19**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со усвоената предлог - точка на дневниот ред за работа на шеесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“, Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на 65. седница на 15 мај 2025 година, донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за неусвојување на Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“**

1.Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на 65. седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“, НЕ Е УСВОЕНА.

2. По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 10 членови на Советот, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ гласале 3 членови на Советот , врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Предлог - Одлуката за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“.

Број: 09-4607/22
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош - Скопје, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/20**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), како и согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) Советот на Општина Карпош на 65. седница, одржана на 15 мај 2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
**за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје, кои се во сопственост на општината.

**Член 2**

Доделувањето на пластичните канти ќе се изврши по пат на јавен повик.

**Член 3**

Начинот на спроведување на постапката ќе биде дефиниран во јавниот повик.
Постапката по јавниот повик за доделување на пластични канти ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

На јавниот повик ќе може да учествуваат сите жители на Општина Карпош, со приложување лични документи за идентификација.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4607/23
Датум: 15.05.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост**

1. Се објавува Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост, донесена на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 15 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/21**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62; член 64 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), како и врз основа на Барањето бр.25-3651/1 од 02.04.2025 година поднесено од членот на Советот на Општина Карпош Ивана Петковска, Советот на Општина Карпош, на 65. седница, одржана на 15 мај 2025година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Барањето бр.25-3651/1 од 02.04.2025 година поднесено од членот на Советот на Општина Карпош Ивана Петковска, со кое се отстапува на користење дел од објект бр.1, со површина од 80 (осумдесет)м2 а дел останува 39 (триесетидевет) м2 за потребите на Општина Карпош односно Урбаната заедница Влае1, кој се наоѓа на улица Фјодор Достоевски бр.2, што претставува објект на КП 6520, КО Ѓорче Петров 4-Влае за Дневен центар за лица со попреченост.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4607/24**
**Датум: 15.05.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 56 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Карпош**

1. Се објавува Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Карпош бр.11-4779/1 донесен на 13 мај 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Јелена Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-4869/22**
**Датум:16.05.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-4779/1
Датум: 13.05.2025 година
Скопје

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.02/05 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24); член 39 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл. Весник на РМ„ бр.24/17, 199/14, 153/15, 190/16, 21/18 и „Сл. Весник на РСМ„ бр.143/19, 14/20); член 55 и член 56 од Законот за располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21); како и Уредбата за начинот на располагање со примени подароци и други прашања во врска со примените подароци („Службен весник на Република Македонија„ бр.153/14), Градоначалникот на Општина Карпош донесе:

**Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Карпош**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во општина Карпош.

**Член 2**

Одредбите од овој Правилник се однесуваат на: Градоначалникот на Општина Карпош, Претседателот на Совет на Општина Карпош, Секретарот на Општина Карпош, административните службеници, вработените ангажирани по договор на дело, приватни агенции за вработување или други форми на ангажирање (надворешни експерти, советници и др.)

**Член 3**

Во Општина Карпош, подароци може да се примаат само под услови и на начин утврдени со закон.

Прифаќањето и давањето на подароци, погодности и гостопримства во рамките на службената позиција може да е предмет на ризик за личниот и институционалниот интегритет и да доведе до создавање на реален, потенцијален или привиден судир на интереси и нарушен личен и институционален углед.

Постапување на несоодветен начин со подароците, погодностите и гостопримствата може да доведе до негативни индивидуални и институционални последици во Општина Карпош. Примањето на подароци е спротивно на закон за квалификација на повеќе кривични дела утврдени во Кривичниот законик.

**Член 4**

Под поимот ПОДАРОК се подразбира придобивка која има одредена вредност и се нуди на и/или се прима од службено лице во рамките на должностите кои ги врше. Подарокот може да биде во две форми: материјално и нематеријално добро.

**Член 5**

Под поимот ПОГОДНОСТ се подразбира нематеријално добро кое вклучува одреден повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани на настани од забавен, спортски или друг карактер, кои што носат одредени лични придобивки за службеното лице.

**Член 6**

Под поимот ГОСТОПРИМСТВО се подразбира нудење и прифаќање на покани за приеми, учества и патувања, деловни и други официјални настани, деловни патувања и сместувања, учества на конференции, деловни ручеци како и давање на други слични услуги.

## II НАЧИНИ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ и ГОСТОПРИМСТВА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Член 7**

Службените лица во Општина Карпош не смеат да ја користат функцијата заради остварувања на имотна, финансиска или друга корист за себе или за друго лице, како и да бараат и примаат подароци за вршење на услуга во времетраењето на функцијата.

**Член 8**

Градоначалникот на Општина Карпош во име на општината може да дава подароци од домашно производство, во износ не поголем од 100 евра во денарска противвредност, според среден курс на НБРСМ на денот на набавката на подарокот.

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Карпош може да прими подарок од претставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или почит.

Градоначалникот може да го задржи подарокот во сопственост како личен дар доколку вредноста на примениот подарок не ја надминува вредноста од 100 евра во денарска противвредност сметано по среден курс на НБРСМ на денот на примање на подарокот.

Останатите службени лица во Општина Карпош не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност а тоа се оние кои не ја надминуваат вредноста од 1000 денари или подароци добиени од иста личност чија вкупна вредност не надминува 3000 денари во дадена година.

Подароци кои се примени од страна на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или слично, се сметаат за протоколарни подароци.

Оваа забрана и ограничување се однесува и на брачниот другар на службеното лице, на лица кои живеат во вонбрачна заедница, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

Службените лица се должни да ги предупредат дарителите дека подароците што ја надминуваат вредноста од став 1 на овој член стануваат сопственост на Општина Карпош.

Податоците за примени подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденција на подароци.

**Член 10**

Во Општина Карпош лицето за интегритет, кое е овластено лице за подароци, води евиденција на примените подароци и ќе се грижи за прием, складирање и чување на подароците.

**Член 11**

Службеното лице кое примило подарок, должно е најдоцна во рок од 8 дена по приемот на подарокот да го пријави кај овластеното лице.

Пријавата за прием на подарок содржи:

1. име и презиме на прмателот на подарокот,
2. функција која ја извршува,
3. назив на органот во кој врши функција,
4.име, презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице на органот, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган),
5. датум на прием на подарокот,
6. опис на подарокот,
7.во чија сопственост ќе биде подарокот (личен дар или општинска)
8. датум на предавање на подарокот на органот (доколку прмателот на подарокот одлучи дека подарокот ќе стане предмет во општинска сопственост),
9. вредност на подарокот,
10. место и датум на поднесување на пријавата за прием на подарок,
11. потпис на прмателот на подарокот и
12. печат и потпис на овластеното лице на општината од став 1 од овој член.

**Член 12**

Овластеното лице води евиденција на примените подароци која ги содржи следните податоци:

1.име и презиме на примателот на подарокот,
2.извршувал функција за време на примањето на подарокот,
3.име и презиме на дарителот (назив и седиште на правното лице или органот, доколку подарокот е даден во име на друго правно лице или орган),
4. опис на подарокот
5. проценета вредност на подарокот,
6. датум на дарување,
7.во чија сопственост ќе биде подарокот (лична или општинска) и
8. датум на предавање на подарокот

**Начин за постапување со погодности**

**Член 13**

Службените лица во Општина Карпош не смеат да прифатат било каква погодност во вршење на својата служба а доколку добие понуда истата да ја одбие и да го извести овластеното лице.

**Начин за постапување со гостопримства**

**Член 14**

Начинот на постапување со гостопримства до давање и прифаќање на гостопримства се заснова на принципот на разумност и транспарентност.
При постапувањето, службеното лице има обврска:
1. да се однесува примерно и достоинствено,
2. да внимава да не го наруши угледот и довербата на општината,
3. да избегнува ситуации кои се во судир со етичките норми кои би можеле да бидат причина за уцена со цел да се влијае врз непристрасното и професионално одлучување во работењето,
4. да внимава да не го доведе во прашање личниот и институционалниот углед,
5. да внимава со постојаното не прифаќање на гостопримства за да не го навреди лицето,
6.разумно да процени за прифаќање или одбивање на поканите на работилници, трибини или семинари, организирани од институции, организации или асоцијации поврзани со неговата професија,
7. да ја почитува финансиската дисциплина на трошење на буџетски средства на Општина Карпош, односно да не превзема дејства на ненаменско трошење во случај на давање или прифаќање на гостопримство,
8. да превенира тајно и не транспарентно давање или прифаќање на гостопримство, односно да се спротивстави на секој обид на нудење односно прифаќање на гостопримство сторено на дискретен и нетранспарентен начин.

## III ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Член 15**

Во случај со непочитување на одредбите од овој Правилник, ќе се спроведе постапка за етичка одговорност утврдена со Кодексот за административни службеници и Етичкиот кодекс за локални функционери.
Доколку службеното лице постапува со подароците, погодностите и гостопримствата спротивно на законот, подзаконските акти и овој Правилник а со таквото однесување

сторува прекршок и/или кривично дело, ќе сноси одговорност на начин и постапка утврдена со закон.
Одговорноста за сторено кривично дело, не ја исклучува етичката одговорност на службеното лице.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА НЕПРАВИЛНОСТИ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ и ГОСТОПРИМСТВА

### Член 16

Во случај кога службените лица во Општина Карпош имаат сознанија за постоење на неправилности при постапувањето со подароци, погодности и гостопримства, истите треба да го известат лицето за интегритет на Општина Карпош.
Доколку лицето за интегритет процени дека има елементи на постоење на неправилности при постапувањето со подароци, погодности и гостопримства, постапува согласно со Законот за заштита на укажувачи.

### Член 17

Во случај кога овластените лица на Општина Карпош имаат сознанија за понуда на подарок, погодност и/или гостопримство на начин што претставува квалификација на кривично дело утврдено со Кривичниот законик, истите треба да пријават до надлежните органи кои се утврдени со закон и да го известат лицето за интегритет на Општина Карпош.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Лицето за интегритет на Општина Карпош е овластено лице за прием на подароци.

### Член 19

Доколку службените лица на Општина Карпош се соочат со прашања односно ситуации кои не се опфатени со овој Правилник или имаат потреба од советување во врска со третманот и/или постапувањето со подароци, погодности и гостопримства, треба да се обратат до нивните претпоставени лица и лицето за интегритет.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Карпош.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година, со Решение за објавување
3. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година, со Решение за објавување
4. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
5. Заклучок за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
6. Службена белешка за неусвојување Предлог – План за изменување и дополнување на План на програми за развој на Општина Карпош за 2025-2035 година, со Решение за објавување
7. Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје, со Решение за објавување
8. Одлука за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025, со Решение за објавување
9. Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025, со Решение за објавување

10. Правилник за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација, со Решение за објавување
11. Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
12. Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, со Решение за објавување
13. Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, со Решение за објавување
14. Одлука за давање согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, со Решение за објавување
15. Одлука за давање согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк – Карпош, со Решение за објавување
16. Одлука за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патнички моторни возила, со Решение за објавување
17. Одлука за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје”, со Решение за објавување
18. Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план вработување за 2025 година во Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување
19. Службена белешка за неусвојување Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на второ издание - публикација на „Монографска Едиција - Таки Павловски 55 години творештво 1967-2017 година (17 тома)“, со Решение за објавување
20. Одлука за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување
21. Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош за Дневен центар за лица со попреченост, со Решение за објавување

22. Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Карпош, со Решение за објавување

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци